


УМЕТНОСТА**МОЖЕ**|ЛИКОВЕН**КАРАВАН2002**

**Скопје** Куманово
Неготино **Штип** Гевгелија
Струмица Битола
**Кичево** Гостивар **Тетово**

Народен музеј Куманово и Уметничка галерија, Музеј на град Неготино, Дом на културата " Ацо Шопов " од Штип, Интернационална ликовна колонија " Дојрана " од Гевгелија, Работнички универзитет " Јоска Свештарот " од Струмица, Друштво на ликовни уметници од Битола заедно со " Мал битолски Монмартр ", Интернационална ликовна колонија " Тајмиште " и Дом на културата " Кочо Рацин " од Кичево, Галерија " Европа " од Гостивар, Основно музичко училиште " Тодор Скаловски " со Дом на културата " Илија Антовски - Смок " од Тетово.

## = Ликовен Караван: Уметноста Може! 2002 год.



Мобилната ликовна колонија замислена како караван за подобрување на меѓуетничките односи во Република Македонија, реализирана од 1–ви до 23–ти февруари 2002 година под мотото УМЕТНОСТА МОЖЕ, покажа надочекувани резултати.

Тоа би бил најконцизниот извештај што организаторите, Асоцијацијата за култура ИКОН и Културно информативниот центар на Скопје, можат да го дадат за својата акција спроведена во 10 македонски градови, распоредени во отворен круг што потсетува на алка за заздравување на нарушената доверба.

Надочекуваното, во вид на пријатни изненадувања што потврдуваат дека УМЕТНОСТА МОЖЕ, се појавија уште при одгласот на уметниците од различни националности. На ова зимско патување, дојдоа 51 уметници , што е речиси тројно повеќе од првично планираниот број на учесници.

Кај населението во градовите во кои престојуваше, како и кај структурите на локалната власт, покрај традиционалната гостољубивост се изрази и подготвеност за презентација на ликовните дела настанати при оваа акција.

Пријатно изненадување приредија и медиумите. Печатот, радиото и телевизијата во сите посетени урбани средини кои ја афирмираа нашата заложба за соживот, известувајќи ги граѓаните за бројот и составот на учесниците на Мобилната ликовна колонија.

За време на 23–дневното одвивање на ова патување низ Република Македонија, домаќини на ликовниот караван најчесто беа институциите со непосредна задача да ја развиваат ликовната уметност во своите градски средини, а гостопримство понудија и други културни и образовни институции.

The mobile art colony, conceived as a caravan for improving the inter-ethic relations in the Republic of Macedonia, realized from the 1st to the 23rd of February 2002 under the motto "The Art Can Do It", showed unexpected results. That would be the most concise report the promoters, the Association for Culture IKON and the Cultural Information Center in Skopje, could give on their action carried out in 10 Macedonian cities, arranged in the form of an open circle that reminds of a link for recovering the disturbed trust. Unexpectedly, the pleasant surprises, confirming that The Art Can Do It, came from the response of artists of different nationalities. This winter journey was attended by 51 artists, three times more that the originally planned number of participants.

Besides their traditional hospitality, the citizens of the cities and the local authorities showed readiness to present the artworks made in the course of this action. Another pleasant surprise came from the media, as well. The press, the radio and the TV in all the cities we visited were eager to promote our efforts by informing the citizens about the number and the composition of the participants at the Mobile Art Colony.

In the course of this journey through Macedonia, the hosts of the art caravan were usually the institutions immediately engaged in improving the fine arts in their own urban environments, although other cultural and educational institutions offered their hospitality, too.

The unexpected response, that proved the humane efforts of the promoters, was supported by the Open Society Institute, Pro Helvetia and the CRS. Yet, we would like to thank all the other local organizations for being good hosts, and of course huge thanks to the artists who supported this idea

Запрашан во една прилика, за видување каква ќе биде уметноста во скора иднина, долго се двоумев што би можело да го одреди карактерот и суштината на уметноста. Едно ми беше сосема јасно: уметноста ќе мора да излезе вон од уметничкото дело. Но, потоа се постави прашањето дали тоа е можно. Уште повеќе, дали со тоа го снемува уметничкото дело и, конечно, што со уметникот.

Низата на прашања коишто се отворија го наведе размислувањето во неколку насоки, а пред се околу еден нов систем на толкувањето на смислата и улогата на уметничкото творештво денес. Новиот систем не подразбира нова (или уште една) институција во постоечкиот систем на уметноста. Новиот систем ја застапува структурата на делување во интерес на заедницата. Тоа едновремено значи дека вештините/умешностите од пред–модерното доба се повеќе навлегуваат во сферите на заедничкиот интерес – на интересот на заедницата. Овој став сериозно ја засега сега (се уште) присутната неприкосновеност на индивидуата, поточно, авторитарната позиција на индивидуалното право на сопствен поглед кон стварноста. Модернизмот, како завршна етапа на модерното доба, нагласувајќи ја оваа позиција и ова право и, уште повеќе, поставувајќи ја на рамниште на канон, после неполни сто години ја исполнува сопствена автохирија: модерната уметност почнува да функционира единствено во рамките на разбирањето и толкувањето на нејзиниот

# se | edno

делување

создавач. Пројавеното недоразбирање меѓу уметникот и критиката е резултат токму на се поголемото херметизирање на уметничкото творештво (и покрај големите обиди за неговото демистифицирање). Оттука, за очекување е што уметноста почнува да функционира исклучиво на рамништето на претпоставките во категоријалниот апарат на критичарот. Отсуството на, или настојувањето да се напуштат, било какви канонизирања доведе до губењето на општествената функција на уметноста: наспроти заедницата, уметноста ја претпостави неограничената слобода едновремено разбрана и протолкувана како делување без (споделена) одговорност. Согласно идеите (и програмата) на модерното доба, таквиот развој на уметноста не треба да се спори. Но, се чини дека тој отиде предалеку во напуштањето на окружувањето на уметникот. Очекувањата на заедницата денес се поставуваат во сосема други рамки.

Во оваа смисла, основните претпоставки, намери и очекувања на проектот „Уметноста може влегуваат во корпусот на случувањата на македонската уметничка сцена како едни од оние обиди кои што настојуваат да проникнат во потребите на оваа, овдешна и сегашна, заедница. Поточно, тие отвораат дијалог со и за нејзините потреби, дијалог кој што им се претпоствува на вообичаените (исклучиво) естетски критериуми. Со тоа, вреднувањето или анализата на овој проект не поаѓа исклучиво од нив (иако, се разбира, дека се тие важни), туку пред се од идејата низ едно патување, низ едно место–изменување, да се зближат и разменат моментните или тековните расположенија, искуства, впечатоци и сите да се забележат на сликарското платно. Ова не само помеѓу уметниците и организаторите, туку и помеѓу сите оние кои, воглавно случајно, доаѓаат во допир со патувачкиот караван на добрата намера, пријатноста од средбите и запознавањата, и, конечно, спремноста на учесниците во овој проект за споделување на одговорноста. Почнувајќи од овие претпоставки, караванот анимира преку педесетина уметници и овозможи многу повеќе дела. Записите од неговото одвивање (овој каталог, документарните фотографии и создадените платна) остануваат само како бегол спомен на неговото времетраење. Некаде длабоко во нив, пак, останува свесноста дека вистинските записи се оставени таму некаде по градовите на Македонија, по квечерините и утрата по нејзините патишта и исчекувањата до следите патувања, до следниот град, до следните пријатели и следните квечерини – онакви какви што тие се.

Небојша Вилиќ




## УЧЕСНИЦИ КАРАВАНОТ ВО

Владо Аврамчев, Маргарита Киселичка, Ибрахим Беди, Исмет Рамичевиќ, Трајче Блажевски, Сунчица Станковска, Глигор Васков, Душко Николовски, Раде Аџи-Гоговски, Невџет Саити-Џети, Марија Николовска, Никола Јаневски, Тане Атанасовски-Гарски, Часлав Марковиќ, Башким Керими, Марина Цветановска, Страхил Петровски, Тони Димовски, Гоце Божурски, Анка Данаиловска, Слободан Тимчевски, Мухамедали Алили-Дали, Томе Мишев, Илија Спасов-Чендо, Цветанка Јованова, Васка Дудин, Кирил Казанџиски, Тодор Максимов, Никола Бутров, Миле Петров, Катерина Чугунска, Драги Бусев, Стојче Гоцков, Глигор Беќаров, Панче Георгиев, Марјан Ѕин, Димитар Кочовски-Миќо, Илија Кочовски, Драган Најденовски, Никола Белчевски-Сокол, Мирослав Крстевски, Илчо Ѓоревски, Благоја Ангелковски, Луан Зенку, Решат Ахмети, Осман Демири, Павле Кузмановски,Невзат Бејтули-Кица, Нехат Бекири, Александар Настевски и Ленче Митевска.






МАЛ БИТОЛСКИ МОНМАРТ

# *about* a *commitment*

I was asked, on one occasion, about my opinion on what will be the art like in the near future; I was thinking for quite a while what could define the character and the essence of the art. One thing was perfectly clear to me: the art will have to leave the frames of the artwork. But, then a question came to my mind: is it possible. Even more, will this lead to the vanishing of the artwork and, finally, what happens to the artist. The string of questions that followed led my thoughts in several directions, chiefly towards a new system of understanding the meaning and the role of the art today. The new system does not mean new (or just another) institution in the present system of the art. The new system stands for the structure of commitment for the interest of the community. This also means that the skills/arts of the pre-modern time are more and more introduced into the domain of the common interest - the interest of the community. This attitude is seriously concerning the (so far) still living untouchability of the individual, more precisely, the authoritarian position of the individual right to a personal attitude towards the reality. The modernism, as a final stage of the modern time, insisting on this position and this right, and even more, setting it on the level of canon, after almost a hundred years, fulfills its suicide: the modern art starts functioning only inside the frames of the understanding of its creator. The occurred misunderstanding between the art and the critique is a result of this increasing hermetization of the art (in spite of the great efforts for its demystifying). Therefore, the art is expected to starts functioning only on the level of suppositions within the category apparatus of the critic. The absence or the tendency for abandoning all kinds of canonizations led to the loss of art's social function: unlike the community, the art understands the unlimited freedom as a commitments without (shared) responsibility. In accordance with the ideas (and the program) of the modern time, this development of the art should not be questioned. But, it seems that it has gone too far in abandoning the artist's environment. Today the community expectations are set within completely different frames.

In this sense, the basic suppositions, intentions and expectations of this project concern the corpus of events on the Macedonian art scene like one of those attempts that tend to apprehend the needs of this community of here and now. More precisely, they open a dialog with and about its needs, a dialogue submitted to the usual (exclusively) esthetic criteria. Thus, the evaluation or the analysis of this project does not proceed only from them (although they are important, too), but, basically, from the idea that by way of traveling, by way of changing the place, the actual or the current moods, experiences, impressions can be brought closer and noted on the painting canvas. This refers not only to the artists and the promoters, but to everybody who, even accidentally, come across the traveling caravan of good will, who experience the pleasure of new encounters and meetings and, finally, it refers to the readiness of the participants in this project to share the responsibility. Proceeding from these suppositions, the caravan engages more than 50 artists and provides the creation of even more artworks. The evidence left behind it (this catalogue, the documentary photographs and the painted canvases) remain only a vague memory of its duration. Yet, somewhere deep inside them lives the awareness that the real notes were left somewhere throughout the cities of Macedonia, in the evenings and mornings on its roads and the expectations before the coming trips, until the next city, the next friends and the next evenings - the way they are.

**N e b o j s a   V i l i k**



## PARTICIPANTS in the CARAVAN

Vlado Avramchev, Margarita Kiselichka, Ibrahim Bedi, Ismet Ramichevik, Trajche Blazevski, Sunchica Stankovska, Gligor Vaskov, Dushko Nikolovski, Rade Adzi-Gogovski, Nevdzet Saiti-Dzeti, Marija Nikolovska, Nikola Janevski, Tane Atanasovski-Garski, Chaslav Markovik, Bashkim Kerimi, Marina Cvetanovska, Strahil Petrovski, Toni Dimovski, Goce Bozurski, Anka Danailovska, Slobodan Timchevski, Muhamedali Alili-Dali, Tome Mishev, Ilija Spasov-Chendo, Cvetanka Jovanova, Vaska Dudin, Kiril Kazandziski, Todor Maksimov, Nikola Butrov, Mile Petrov, Katerina Chugunska, Dragi Busev, Stojche Gockov, Gligor Bekarov, Panche Georgiev, Marjan Dzin, Dimitar Kochovski-Misho, Ilija Kochovski, Dragan Najdenovski, Nikola Belchevski-Sokol, Miroslav Krstevski, Ilcho Gjorevski, Blagoja Angelkovski, Luan Zenku, Reshat Ahmeti, Osman Demiri, Pavle Kuzmanovski,Nevzat Bejtuli-Kica, Nehat Bekiri, Aleksandar Nastevski and Lenche Mitevska.



Народниот музеј од Куманово со тамошната Уметничка галерија, Музејот на град Неготино, Домот на културата " Ацо Шопов " од Штип, Интернационалната ликовна колонија " Дојрана " од Гевгелија, Работничкиот универзитет " Јоска Свештарот " од Струмица, Друштвото на ликовни уметници од Битола заедно со " Мал битолски Монмартр ", Интернационалната ликовна колонија " Тајмиште " и Домот на културата " Кочо Рацин " од Кичево, Галеријата " Европа " од Гостивар, како и Основното музичко училиште " Тодор Скаловски " заедно со Домот на културата " Илија Антовски - Смок " од Тетово.

## CITIES & AND INSTITUTIONS

City Museum - Kumanovo and Art galery, City Museum of Negotino, Culture center "Aco Shopov" from Shtip, International art colony " Dojrana " of Gevgelija, Center for education and culture "Joska Sveshtarot" from Strumica, Association of artists of Bitola along with "Small Bitola Monmartr", International art collony "Tajmishte" and Culture center "Kocho Racin" from Kichevo, Galery "Evropa" from Gostivar, as well as Music School "Todor Skalovski" along with the Culture center "Ilija Antovski - Smok" from Tetovo.

IKON association for culture

CULTURAL - INFORMATIVE CENTRE - SKOPJE

издава:
Асоцијација за култура ИКОН;
Културно информативен центар, Скопје;

организација на караванот:
Климе КОРОБАР и Љупчо МАЛЕНКОВ

дизајн и подготовка на каталог:
ИКОН ДИЗАЈН ЦЕНТАР

текст:
Небојша Вилиќ

печат: Скенпоинт, Скопје

published by:
Association for culture IKON;
Culture information center, Skopje;

organisation of the caravan:
Klime KOROBAR and Ljupcho MALENKOV

design and layout:
IKONDESIGN CENTER

text:
Nebojsha Vilik

print: Skenpoint, Skopje

IKONdesign ISBN 9989-921-06-7

CRS
Catholic Relief Services
Католички служби за помош

GEMAK

UNHCR

PRO HELVETIA
Arts Council of Switzerland
On behalf of
SDC Swiss Agency for Development and Cooperation

EUROPEAN
CULTURAL
FOUNDATION

FOUNDATION OPEN SOCIETY INSTITUTE MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ИНСТИТУТ ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА